РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-325/1
23.01.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8, член 20 став 1 алинеја 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 183/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 144-б став 8 од истиот Закон, согласно член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-245/3 од 22.01.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата втора седница одржана на 21.01.2025 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа

### Член 1
### Предмет на Правилникот

Со овој Правилник се уредуваат формата и содржината на образецот на пријавата и на Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа, кој се води во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### Член 2
### Дефиниции

(1) Одделни изрази употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

1. Услуга платформа за споделување видеа е услуга на информатичкото општество, којашто е наменета за општата јавност и се обезбедува преку електронска комуникациска мрежа, чија примарна цел и/или основна функционалност во целост и/или на нејзин засебен дел е да ѝ обезбедува на јавноста пристап до програми и/или до видеа создадени од корисници кои имаат информативна, образовна или забавна функција, за која давателот на услугата нема уредничка одговорност за содржините, туку тој само го одредува начинот на кој услугата е организирана,

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

вклучувајќи тука и автоматски средства или алгоритми, особено преку прикажување, означување или секвенцирање на содржината;

2. Видео создадено од корисник е целина од подвижни слики, со или без звук, без оглед на времетраењето, што претставува посебен елемент, создаден е од корисник и поставен на платформа за споделување видеа од тој или од друг корисник.

3. Давател на услуга платформа за споделување видеа е физичко или правно лице што обезбедува услуга платформа за споделување видеа.

## I. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПРИЈАВАТА ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

### Член 3
### Обврска за евидентирање

(1) Давателот на услуги платформи за споделување видеа кој е под јурисдикција на Република Северна Македонија, е должен пред да започне со вршење на дејноста да достави пријава за евидентирање во Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа кој се води во Агенцијата, за што Агенцијата му издава потврда за регистрација.

(2) Давателот на услуги платформи за споделување видеа е должен да ја извести Агенцијата за секоја промена на податоците наведени во пријавата во рок од 30 дена од денот на настанатата промена. Агенцијата е должна да ја внесе промената на податоците во Регистарот во рок од три работни дена од денот на приемот на известувањето.

### Член 4
### Форма и содржина на Пријавата

(1) Пријавата за евидентирање во Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа се поднесува во Агенцијата на Образецот приложен кон овој правилник како Прилог I.

(2) Пријавата треба да содржи податоци за:

- полн назив на правното лице
- седиште на правното лице
- единствен матичен број на субјектот

- податоци за одговорното лице (име и презиме и адреса);
- назив на платформата за споделување видеа;
- интернет адреса (URL) на услугата;
- детални технички карактеристики за начинот на кој се обезбедува услугата;
- видот на услугата и краток опис на истата;
- податоци за електронската адреса што овозможува директен контакт со давателот на услугата и со одговорното лице;
- датумот на започнување со обезбедување на услугата.

(3) Со пријавата задолжително се доставува технички опис со детални технички карактеристики за начинот на кој ќе се обезбедува услугата.

(4) Агенцијата ќе ги користи доставените податоци само за потребата за којашто ги собира, согласно „Законот за заштита на личните податоци“.

**Член 5**

**Регистар на даватели на услуги платформи за споделување видеа**

Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа ги содржи следните податоци:

- Полн назив на правното лице
- Седиште на правното лице
- Одговорно лице
- Податоци за сопственикот
- Назив на платформата за споделување видеа
- Електронска адреса на одговорното и правното лице

## II. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и истиот ќе се објави на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**

**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

ПРИЛОГ I

| | |
|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ<br><br>Палата Панко Брашнаров,<br>ул.„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје,<br>Република Северна Македонија<br>Тел: +389 23 103 400<br>Факс: +389 23 103 401 | <br><br><br>(приемен печат на АВМУ) |

**ПРИЈАВА**
**за евидентирање во Регистарот на даватели на услуги платформи за споделување видеа**

## 1 ПОДАТОЦИ ЗА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

| | |
|---|---|
| Полн назив на правното лице | |
| Седиште на правното лице | |
| ЕМБС | |
| Одговорно лице | |
| Адреса на одговорното лице | |
| Електронска адреса на правното лице | |
| Електронска адреса на одговорното лице | |
| Телефон за контакт | |

## 2. Детали за платформата

| | |
|---|---|
| Назив на платформата за споделување видеа | |
| Интернет адреса (URL) на услугата | |
| Краток опис на услугата | |
| Датум на започнување со обезбедување на услугата | |

## 3. ПРИЛОЗИ КОН ПРИЈАВАТА:

3.1. Технички опис со детални технички карактеристики за начинот на кој ќе се обезбедува услугата;

3.2. Тековна состојба од Централниот регистар.